МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА ЕПАРХИЈА ЗА АВСТРАЛИЈА И НОВ ЗЕЛАНД
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH DIOCESE of AUSTRALIA & NEW ZELAND

ЕПАРХИСКИ УПРАВЕН ОДБОР
DIOCESAN RULING COMMITTEE

TEL: +61 0383900033


Бр: 90
22/10/2015
Мелбурн

Ние, парохиските свештеници и игумените во МПЦЕАНЗ, како и членовите на ЕУО на МПЦЕАНЗ, денес, на 21.10.2015 год., собрани на Епархиско свештеничко собрание и заедничка седница на ЕУО во Митрополијата на Епархијата во Фуцкрај, по опстојна дискусија и анализа на состојбите во Австралија, а во врско со донесувањето на Ставот и Одлуките на Светиот Архиерејски Синод бр. 167 од 15.10.2015 ги изнесуваме следниве:

**ПОДРШКА, СТАВОВИ И МИСЛЕЊЕ**

Најнапред изразуваме длабока почит кон Светиот Архиерејски Синод на МПЦ, и даваме огромна подршка за донесениот погореспоменат Акт, кој длабоко веруваме, и на тоа целосно ќе се посветиме, дека по извесните бранувања на, со силна пропаганда за разнебитување на МПЦ во Австралија и пошироко заведените, ќе вродат со достоен плод на покајание.

МПЦ, предводена од Вас, нашите свештени Архиереи, како досега, така сега, а и во иднина ќе се справи и со надворешните и со внатрешните непријатели.

Најголемиот успех на САС на МПЦ се донесувањето и реализирањето на едногласните Одлуки, кои се носат во согласност на Светите Канони, Уставот на МПЦ и прописите што од него произлегуваат.

Боголјубиви Архипастири на нашата Света Македонска Православна Црква, бидете уверени дека максимално ќе се заложиме да се реализираат Вашите ставови, Одлуки и заклучоци за доброто на нашата Света Црква. И доколку сите проблеми, заеднички со Вас, ги решаваме исклучиво во согласност со Светите Канони и Уставот на МПЦ и само преку институционалните тела и органи на МПЦ, успехот ќе биде неизбежен.

Бранувањата што отпочнаа во Австралија се дело на пропагандата на одделни медиуми и на оние надворешни, но за жал и некои внатрешни мрачни сили, кои ги заведуваат неупатените верници, што не живеат литургиски живот и не ги почитуваат црковните закони.

Ние ќе продолжиме да се бориме и ќе ја изборимe битката, само доколку канонски и уставно се решаваат сите недоразбирања и проблеми во Австралија, и насекаде во МПЦ, наспроти сите пропаганди.

Океаните, морињата и езерата кога се брануваат надвор ја исфрлаат целата нечистотија, па така и ова бранување кое отпочна по донесувањето на Ставот и Одлуките на Синодот ќе ја исфрли целата нечистотија, па дури потоа ќе се смири чистото море и по него мирно ќе заплови бродот на Црквата наша Света Македонска во Австралија и насекаде.

Што се однесува, пак, до клеветите, инсинуациите, измислувањата и нападите врз Вас, нашите Архипастири, на телата и органите на МПЦ, како и на телата и органите на МПЦЕАНЗ, на нас, свештениците и надлежниот Архиереј на оваа Епархија ниту се прв пат, ниту ќе бидат последен. Но, ние сме должни да ги водиме верниците по Христовиот пат, воцрковувајќи ги и упатувајќи ги да го практикуваат литургискиот живот.

Црквата Христова почива на Божјите закони, и правото на верниците, свештениците, монасите и Архиереите како да живеат и како да се однесуваат се изложени, токму во Црковните Закони. Се што не е во согласност со Црковните Закони води кон хаос, анархија и безредие во Црквата и секој што ќе ги прекрши Црковните Закони ќе мора веднаш да направи голем подвиг, да се извини (покае и поправи), во противно ќе мора да ги сноси санкциите, согласно Светите Канони и Уставот на МПЦ.

Поради погорекажаното ги повикуваме сите верници, почнувајќи од оние кои живеат литургиски живот со својот личен пример да повлијаат и да ги упатат и вратат на Христовиот пат заведените и неупатени верници. А пак, на неупатените и заведени верници им препорачуваме да покажат смирение, без оглед од кого се заведени, трпение, пост - духовен и телесен и покајание, исто како и Ниневјаните. Да се потрудат времето што го минуваат во расправии, кавги, надмудрувања, клевети, осудувања, злоба, завист, одмазда и противење на Одлуките на телата и органите на МПЦ кои се во согласност со Светите Канони и Уставот на МПЦ, да го минуваат во правење на добри дела, во измирување со браќата, со милостина во името на Христа Бога, во смирение, трпение, вера и во љубов кон Бога и ближните.

Ние, свештенослужителите и вие церниците во цела Австралија сега го полагаме наголемиот испит на духовна зрелост и единство пред севкупната јавност. Оние што и при оваа прилика и можност што им е дадена од Синодот на нашата Света Црква нема да ја испочитуваат и не се вклучат како вистински верници во неа, почитувајќи ги, доследно, Црковните Закони и дозволувајќи да бидат измамени, заведени, неупатени, свесно или несвесно самите ќе се екскомуницираат од нашата Света Црква. Па, според народната вОнаа овца што се дели од стадото ќе ја јаде волкотв.

Па, така, вината понатаму да не ја бараат во никој друг освен во самите себе, зашто Христос Спасителот рекол: вТаму каде што се собрани двајца или тројца во Мое име (односно во Црквата Христова), таму меѓу нив сум и Јасв, а Св. Игнатиј Богоносец вели: в Таму каде што е Епископот, таму е и Црквататв , односно нема вистинска Црква, свештенство и верници надвор од помесната Црква. Затоа и Христос рекол: вкој не е со Мене, против мене ев.

Браќа и сестри, кој самоволно ќе се оддели од МПЦ, ќе биде измамен, заведен или поради неупатеност, ќе отпадне од Црквата, па затоа сите вие што сте отпаднале од неа вратетете се при својата мајка - МПЦ и почитувајте ги Светите Канони и Црковните Закони доколку сакате да се спасите и вие и вашите блиски. Амин!

Членови на Епархиското свештеничко собрание и на Епархискиот Управен Одбор на МПЦЕАНЗ: